# Зошто ПЛЕНУМ,

# наместо Студентски Парламент?

## Што е **Пленум**?

**- Пленум е форма на носење одлуки по принципот на директна демократија, што значи дека секој засегнат има право на глас во носењето одлуки. Во контекст на студентско организирање, Пленумот би се одвивал преку состаноци на факултетите, на кои секој студент ќе може да учествува во носењето заеднички одлуки за секој поединечен студентски проблем. Пленумот не е организација, нема членови и не наплаќа членарина; на Пленумот ќе учествува секој студент, односно граѓанин кој се чувствува одговорен за себеси и за системот во кој студира, а моќта на одлучување ќе биде во рацете на сите присутни и одлуките ќе се донесуваат колективно.**

## Што е **Студентски Парламент**?

**- Студентски Парламент (кај нас – СПУКМ) е „невладина“ организација чие членство е сочинето од елитистичка група на привилегирани и партиски поставени студенти. Ова е официјалното тело кое УКИМ го признава како легитимен претставник на студентите, иако над 80% од нас никогаш не излегле да ги гласаат неговите претседатели ниту пак членови. Тие работат по принцип на претставничка „демократија“: сето влијание врз Универзитетот и сета моќ на одлучување е во рацете на Претседателот на Парламентот и на неколкумината во неговите најблиски кругови. Никој од нас обичните студенти не може да влезе во најтесното „раководство“, иако до септември годинава сите им плаќавме *задолжителна* членарина.**

## Студенти, ајде сами да ги коваме сопствените студентски судбини!

Независно студентско движење „Слободен Индекс“

www.slobodenindeks.tk sloboden.indeks@gmail.com